# Корисничко упатство за поднесување на барање за биомедицинско потпомогнато оплодување преку порталот на ФЗОМ



Фонд за здравствено осигурување на Македонија
helpdesk@fzo.org.mk

## Содржина


1 Вовед ....... 3

2 Процес на поднесување на барање за БПО ....... 3

2.1 Преглед на лични барања ....... 3

2.2 Процес на поднесување на барање од избран гинеколог ....... 4

2.2.1 Поднесување на ново барање за БПО ....... 6

# 1 Вовед

Фондот за здравствено осигурување на Македонија во изминатиот период интезино работеше на усовршување на своите работни процеси и воведување на електронски услуги за сите осигуреници, обврзници за платен придонес и даватели на здравствени услуги. Целта на воведување на веб порталот е да се овозможи едноставен и лесен пристап до услугите кои до сега осигурениците, обврзниците и здравствените установи можеа да ги добијат само преку подрачните служби на Фондот. Една од овие електронски услуги на веб порталот кои се однесуваат за осигурениците и избраните матични гинеколози е електронско поднесување и следење на барање за остварување на право за Биомедицинско потпомогнато оплодување (БПО). Со воведување на оваа услуга секој матичен гинеколог за своите пациентки може да достави барање за остварување на право за БПО. Дополнителна функционалност за оваа услуга е тоа што секоја осигуреничка и нејзиниот матичен гинеколог можат да ги следат статусите на доставено барање за БПО од негово поднесување па се до негова реализација.

# 2 Процес на поднесување на барање за БПО

Целта на овој документ е да се опише начинот на кој ќе се поднесуваат барања за остварување на правото за биомедицинско потпомогнато оплодување од избран гинеколог во име на осигуреникот. Барањето е достапно за разгледување во централата на ФЗОМ, заедно со пропратната документација која хартиено е доставена исто така во централата на ФЗОМ.

## 2.1 Преглед на лични барања

Секој одигуреник може да врши преглед на своите барања кои ги има поднесено неговиот гинеколог. Тоа го прави со клик на менито 

при што се отвара нова страница во која се прикажува листа за избор на вид на барање.




**Слика 1**

Потребно е да кликнете на листата и да го изберете **БПО** од видовите на барања.




**Слика 2**

Откако ќе го одберете видот потребно е да кликнете на копчето ПРЕБАРАЈ. На тој начин ви се прикажува страница како на следната слика,




**Слика 3**

Во која што се листаат личните податоци за најавениот корисник како и табела за преглед на поднесени барања за БПО.

Постои можност за преземање на документите од поднесените барања со клик на копчето Превземи документ кое се наоѓа на крајот од секој ред од табелата.

## 2.2 Процес на поднесување на барање од избран гинеколог

Процесот на поднесување на барање за остварување на право за БПО започнува со најава на избраниот гинеколог на Портал. Гинекологот во име на осигуреникот ќе може да поднесе барање за остварување на право за БПО, како и предлогот за БПО кои ќе бидат електронски потпишани од гинекологот.

Со клик на менито 

се отвара нова страница во која се прикажува листа за избор на вид на барање.




**Слика 4**

Потребно е да кликнете на листата и да го изберете **БПО** од видовите на барања.




**Слика 5**

При тоа ќе ви се појави поле за внес на матичен број каде што потребно е во тоа поле да го внесете матичниот број на осигуреникот за кој сакате да поднесете барање и да кликнете на копчето 

.




**Слика 6**

На тој начин ќе ви се отвори нова страница во која што можете да ги прегледате личните податоци за осигуреникот, да вршите преглед на поднесените барања за БПО како и да поднесете ново барање за БПО.




| | Име и презиме на гинеколог | БПО Статус | Дијагноза | Датум на поднесување | Датум на одлука | Акција |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | ПРИМЕНО | 110.12 - ДЕРМАТОФИТИИ | 01.07.2014 | | |
| 2 | | ПРИМЕНО | 110.12 - ДЕРМАТОФИТИИ | 02.07.2014 | | |

**Слика 7**

Постои можност за преземање на документите од поднесените барања со клик на копчето Превземи документ кое се наоѓа на крајот од секој ред од табелата.

## 2.2.1 Поднесување на ново барање за БПО

За да го започнете процесот на поднесување на барање за ЕЗК како гинеколог, потребно е да кликнете на копчето Ново БПО барање. На тој начин ви се отвара форма како што е прикажана на следната слика.




**Слика 8**

Во оваа форма потребно е да ги пополните следните полиња:

- Брачна состојба
- Барање за второ дете
- Датум раѓање на прво дете
- Адреса за контакт
- Емаил адреса за контакт
- Датум на поднесување на барање
- Шифра на дијагноза
- Барање забелешка

Откако исправно ќе ги пополните сите полиња и кликнете на копчето **ЗАЧУВАЈ**, ќе ви се отвори форма за електронско потпишување. За да можете успешно да го извршите процесот на електронско потпишување потребно е да го поврзете читачот со компјутерот и да го изберете сертификатот од ЕЗК картичката.




**Слика 9**

Потоа со клик на копчето ПОТПИШИ ГО БАРАЊЕТО, се прикажува форма за внес на пинот на картичката.




**Слика 10**

Со внесување на точен пин, ќе ви се прикаже порака за потврда на акцијата,




**Слика 11**

каде што со клик на копчето ПРОДОЛЖИ, барањето успешно ќе се испрати во ФЗОМ за понатамошна обработка.

Доколку сакате да се вратите назад на првата страница за да поднесете барање за друг осигуреник, потребно е да кликнете на копчето Барање за друг осигуреник.